Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-430/2
10. 11 20 21 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

арх.

# ИЗВЕШТАЈ

За одржаната 105-та седница на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Седницата се закажа и оддржа на 10.11.2021 година (среда), во 14 ч. со следниот

Предлог – дневен ред

1. Разгледување и усвојување на Правилник за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

2. Разно.

На состанокот учествуваа: Теодора Андова Фотева, претседател, Проф д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, член, Јасминка Николиќ Новаковиќ, член, и д-р Јехона Спахиу Јанчевска, член.

**Почитувани**

Со дописите кои се подолу во прилог, ја закажав и воедно ја одржавме 105–тата седница на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:vesnasmilkovska@gmail.com,jehspa@gmail.com,Jasminka Nikolic,jhadzieva@yahoo.com
Tue, Nov 9 at 2:19 PM

Почитувани членови на УО при НУ НКЦ

Врз основа на добиениот материјал, Правилник за користење и одржување на возилата во установата, Ве известувам дека и овој пат седницата на УО ќе ја одржиме по електронски пат . Затоа ја закажувам 104 тата седница на ден 10 Ноември 2021 во 14 час.
Почитувани членови на УО, Ве молам разгледајте го доставениот материјал и доколку имате забелешки доставете ги во писмена форма во терминот на закажаната седница. Но доколку немате тогаш ја очекувам вашата согласност за донесување на истиот.

Со желба за успешна соработка, Ви благодарам за разбирањето што и оваа седница нема да се одржи со физичко присуство.
Имајте убав ден

Поздрав
Дора

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:Jasminka Nikolic,Jasmina Aleksievska,Jehona Spahiu
Wed, Nov 10 at 2:23 PM

Почитувани колеги, членови на УО при НУ НКЦ - Скопје

Да ве потсетам дека во моментов е отворена 15 -тата Седница , за која верувам дека уредно го добивте материјалот од точка 1 во Поканата.
Затоа Ве молам во текот на овој состанок да се изјасните за Правилникот ......., се разбира доколку имате забелешки истите ќе се нотираат во Извештајот кој ќе биде изготвен по завршувањето на седницата.
Се надевам на успешна соработка.

Поздрав
Дора

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:Jasminka Nikolic,Jasmina Aleksievska,Jehona Spahiu
Wed, Nov 10 at 2:28 PM

Почитувани

До сега само колешката Јехона Спахиу ги прати своите забелешки кои Ви гипраќам во прилог

**Почитувани**

По првата точка од дневниот ред, сите членови се изјаснија во писмена форма, кои поединечно ги доставувам во прилог.

**Јехона Спахиу Јанчевска**

Jehona Spahiu <jehspa@gmail.com>

To:Dora Andova
Cc:Vesna Smilkovska,Jasminka Nikolic,jasmina aleksievska
Wed, Nov 10 at 10:09 AM
Почитувана претседателке и членови на УО на НУ НКЦ - Скопје,

Го разгледав доставениот материјал за 105 седница на УО. Имам некои корекции во *Правилникот за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје*, коишто ги забележав и ги наведов во самиот документ и кој ви го испраќам во прилог. Станува збор за технички и правописни грешки, односно корекции, кои сепак се значајни.

Ќе го прифатам наведениот Правилник, меѓутоа задолжително треба да се извршат корекциите.

Со почит,
Јехона

**Јасминка Николиќ  Новаковиќ**

Jasminka Nikolic <jasminkanikolic@yahoo.com>
To:Jasmina Aleksievska,Jehona Spahiu,Dora Andova
Wed, Nov 10 at 3:54 PM

Почитувана претседателке,

јас се согласувам и го прифаќам Правилникот. Воедно се извинувам за задоцнетото изјаснување.

Со почит, Јасминка Николиќ – Новајковиќ

**Јасмина Хаџиева Алексиевска**

jasmina aleksievska <jhadzieva@yahoo.com>
To:Dora andova Andova
Wed, Nov 10 at 5:02
Pocituvana Andova,

Se izvinuvam za pogresno  adresiraniot odgovor na vaseto baranje za mislenje po odnos na predlozeniot Pravilnik.Jas vsusnost vcera dobiv poraka od dve mail adresi,pa utrovo rano odgovoriv na adresata na Vesna ...

Eve uste ednas  da se izjasnam: smetam deka vo predlozeniot materijal se opfateni site potrebni komponenti i nemam nikakvi zabeleski.Spored toa go imate mojot glas za ponatamosna procedura.

Toplo ve pozdravuvam

prof.J.hadzieva Aleksievska

**Теодора Андова Фотева**

Почитувани колеги, членови на УО при НУ НКЦ-Скопје

Го разгледав доставениот материјал по првата точка од дневниот ред.
Се сложувам со забелешките на Јехона Спахиу Јанчевска, кои воглавно се од технички карактер.
Немам никакви забелешки, со што се изјаснувам за усвојување на истиот и донесување на Одлука за Правилник за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

**Почитувани членови на УО,**

Сакам да Ве известам дека на оваа 105 Седница , по материјалот од дневниот ред, навремено, по писмен пат, се изјаснивме сите членови.
Од сето ова произлезе едногласно донесување на Одлука за Правилник за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Според изјаснувањата, сите членови се согласија едногласно и ја донесоа следната:

**О Д Л У К А**

За усвојување на  Правилник за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Се надевам дека службите во установата ќе постапат согласно забелешките  на **Јехона Спахиу Јанчевска,** кои се нотирани во доставениот мејл.
Истовремено сметам дека од сето ова нотирано во овој Извештај, службите ќе изготват, Одлука за усвојување на  Правилник за начинот

на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Под точка 2 , Разно, од  дневниот ред нема никакви забелешки.

Во прилог Ви го доставувам Извештајот.

Извештајот да се достави до надлежните служби како би можеле да изготват Одлука за понатамошна постапка.

Исто така овој Извештај да се достави до записничарот Абедин Велија , како би можел да изготви Записник за одржаната105-та седница на УО.

Претседател на Управен одбор

Теодора Андова Фотева

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-430/3
10. 11. 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 35 став 1 точка 10 од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03 – пречистен текст), Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, на својата 105 седница, одржана на 10.11.2021 година, донесе

# О Д Л У К А

за усвојување на Правилник за начинот за користење,
одржување, чување и евидентирање на службено возило

1. Се усвојува Правилник за начинот за користење, одржување, чување и евидентирање на службено возило во НУ Национален конзерваторски центар - Скопје.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето.

**Претседател на Управен одбор**

Тодора Андова Фотева

**Доставено до:**
- огласна табла
- сметководство
- Министерство за култура
- директор
- реф. за општи работи
- архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-378/2
17.09 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

**ИЗВЕШТАЈ**

За одржаната 104-та седница на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Седницата се закажа и оддржа на 17.09.2021 година (петок), со следниот

Предлог – дневен ред

1. **Предлог ценовник на НУ НКЦ – Скопје за вршење стручни активности и услуги**

На состанокот учествуваа: Теодора Андова Фотева, претседател, Проф д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, член, Јасминка Николиќ Новаковиќ, член, и д-р Јехона Спахиу Јанчевска, член.

**Почитувани**

Со овој допис ја закажав и воедно беше одржана 104–тата седница на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:indok@heritage.gov.mk,jasminkanikolic@yahoo.com,jhadzieva@yahoo.com,jehspa@gmail.com
Fri, Sep 17 at 10:33 AM

Почитувани

Денес ја видов пораката испратена од индок. За жал беше во спам.

Како прво морам да Ве известам дека истиот овој материјал го добивме пред еден месец, поточно на 11 .08. по мејл испратен од директорот.
Веднаш потоа реагирав до службите во НКЦ, со
цел да договорам состанок на УО, но за жал не добив конкретен одговор. Потоа уште неколку пати се јавував , ме известија дека има одмори па боледување и сл. За на крај да се јавам и кај секретарката на директорот. Но и од таму немав конкретен одговор, директорот бил зафатен со состаноци. И чекав до денес.
Затоа почитувани членови на УО , јас овојпат без консултации со службите, ја закажувам 104 седница ( без физичко присуство) со единствена точка
Разгледување и донесување Одлука на предлог ценовникот........

За таа цел Ве молам разгледајте го материјалот и писмено изјаснете се во текот на наредните денови, односно, вашите забелешки и изјаснување ги очекувам во понеделник на 20.09.2021 .
Почитувани членови на УО при НУ НКЦ, Ве известувам дека за сите пропусти, ненавремени контакти, консултации и се останато со одредени служби во установата, ќе дискутираме на наредната Седница, која се надевам ќе биде закажана наскоро, зашто сметам дека е повеќе од потребно и неопходно да се расчистат одредени работи, за кои јас скоро на секоја седница реагирам со забелешки.

Имајте убав ден
Поздрав

Дора

**Почитувани**

По единстената точка од дневниот ред, сите членови се изјаснија во писмена форма, кои поединечно ги доставувам во прилог.

**Јасмина Хаџиева Алексиевска**

jasmina aleksievska <jhadzieva@yahoo.com>
To:Dora andova Andova
Mon, Sep 20 at 12:32 PM
Dobar den Andova,predsedatel na UO

Go Izrazuvam moeto iskreno zadovolstvo sto sum izbrana za clen na UO na najvaznata strucna institucija za zastita na kulturnoto nasledstvo vo drzavata,a cija strucna rabota so decenii nanazad sum ja pratela glavno preku vklucenost vo razni strucni proekti.

Soglasno vaseto baranje do denes(ponedelnik) da se izjasnime sa Cenovnikot ve izvestuvam deka istiot go razgledav.

Jas nemam posebni zabeleski .

Edinstveno mislam deka mozebi ima mesto da se razmisli za dodavanje na uste edna stavka vo delot koj gi tretira vidovite na nadomestoci za strucna kontrola na komisiite spored vidot i obemot na konzervatorski proekti( za sto spored predlogot vo Cenovnikot postojat dve kategorii) .
Predlozuvam vnesuvanje na treta,posebna grafa za proektite koi gi tretiraat spomenicite od osobeno znacenje( od najvisoka kategorija) kade kompleksnosta na proektite e mn.pogolema i bara osobeno vnimanie i strucnost na komisijata,a toa bi znacelo i nesto povisoki nadomestoci

Toplo ve pozdravuvam i se nadevam na plodna i pozitivna sorabotka vo periodot sto sleduva.

prof.dr Jasmina Hadzieva Aleksievska dia
Arhitektonski Fakultet

**Јасминка Николиќ Новаковиќ**

Jasminka Nikolic <jasminkanikolic@yahoo.com>
To:indok@heritage.gov.mk,jhadzieva@yahoo.com,jehspa@gmail.com,Dora Andova
Mon, Sep 20 at 1:03 PM
Почитувана претседателке и почитувани колешки,

го разгледав и го прифаќам предложениот тарифник. Се надевам дека УО на НКЦ - Скопје ќе донесе одлука за негова примена што ќе влијае на ажурноста и квалитетот на работата во овој вид на дејноста на НКЦ.

Поздрав,
Јасминка Николиќ – Новаковиќ

**Јехона Спахиу Јанчевска**

Jehona Spahiu <jehspa@gmail.com>
To:Jasminka Nikolic
Cc:indok@heritage.gov.mk,jhadzieva@yahoo.com,Dora Andova
Mon, Sep 20 at 1:30 PM
Почитувана претседателке и почитувани членови на УО на НУ НКЦ - Скопје,

Како член на Стручниот совет на НУ НКЦ бев дел од работната група за изработка на *Предлог ценовникот за вршење на различни видови стручни активности и услуги*, така што јас немам забелешки, односно го прифаќам наведениот Предлог ценовник.
Воедно, како нов член на УО на НУ НКЦ се надевам дека наредната Седница ќе биде закажана со физичко присуство.

Со почит,
Јехона

**Теодора Андова Фотева**

Почитувани колеги, членови на УО при НУ НКЦ-Скопје

Го разгледав доставениот материјал по првата и единствена точка од дневниот ред.
Немам никакви забелешки, со што се изјаснувам за усвојување на истиот и донесување на Одлука за Предлог ценовник на НУ НКЦ – Скопје за вршење стручни активности и услуги при НУ Национален Конзерваторски Центар- Скопје

**Почитувани членови на УО,**

Сакам да Ве известам дека на оваа 104 Седница , по материјалот од дневниот ред, навремено, по писмен пат, се изјаснивме сите членови.
Од сето ова произлезе едногласно донесување на Одлука за усвојување на Предлог ценовник на НУ НКЦ – Скопје за вршење стручни активности и услуги при НУ Национален Конзерваторски Центар- Скоп
Според изјаснувањата, сите членови се согласија едногласно и ја донесоа следната:

**О Д Л У К А**

За усвојување на Предлог ценовник на НУ НКЦ – Скопје за вршење стручни активности и услуги при НУ Национален Конзерваторски Центар- Скопје.

Се надевам дека службите во установата ќе постапат согласно забелешката на Јасмина Хаџиева Алексиевска, која е нотирана погоре во доставениот мејл.
Истовремено сметам дека од сето ова нотирано во Записникот, службите ќе изготват, Одлука за усвојување на Ценовник на НУ НКЦ – Скопје за вршење стручни активности и услуги при НУ Национален Конзерваторски Центар- Скопје

Во прилог Ви го доставувам Извештајот.

Извештајот да се достави до надлежните служби како би можеле да изготват Одлука за понатамошна постапка.

Исто така овој Извештај да се достави до записничарот Абедин Велија , како би можел да изготви Записник за одржаната104-та седница на УО.

Претседател на Управен одбор

Теодора Андова Фотева

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-378/3
17.09.2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за култура, Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, на својата 104 седница, одржана на 17.09.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

за усвојување на Ценовник

1. Се донесува Одлука за усвојување на Ценовник на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, за вршење стручни активности и услуги при НУ НКЦ - Скопје.

2. Одлуката влегува во сила со донесувањето.

**Претседател на Управен одбор**

Тодора Андова Фотева

**Доставено до:**

- огласна табла
- сметководство
- Раководители на сектор
- директор
- правна служба
- архива
- ИНДОК

**ИЗВЕШТАЈ**

За одржаната 103 седница на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Седницата се оддржа на 30.06.2021 година (среда), со почеток во 10:00 а заврши во 12 часот, со следниот

**Предлог – дневен ред**

- Разгледување и усвојување на записник бр. 102

1. Разгледување и усвојување на нацрт – годишна програма за работа на установата за 2022 година на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

2. Разно

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-287/2
30.06 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

На состанокот учествуваа: Теодора Андова Фотева, претседател , м-р Љуљзиме Пруси Агаи,член, Проф д-р Мери Цветковска,член и Јасминка Николиќ Новаковиќ член.

По првата точка од дневниот ред, сите членови се изјаснија во писмена форма, кои поединечно ги доставувам во прилог.

**Мери Цветковска**

Почитувана Претсдателке на Управниот одбор,
почитувани членови на УО,

Го разгледав материјалот и немам забелешки.

Со почит,
Мери Цветковска

**Љуљзиме Пруси Агаи**

Почитувана Претседателке и почитувани членови на Уравниот Одбор,
во врска со доставениот материјал, немам никакви забелешки.

Поздрав,
Љуље

**Теодора Андова Фотева**

Почитувани колеги, членови на УО при НУ НКЦ-Скопје

Ги разгледав доставените материјали по првата точка од дневниот ред. Немам никакви забелешки, со што се изјаснувам за донесување на Одлука за усвојување на нацрт-Годишна програма за работа на установата за 2022 година на НУ национален конзерваторски центар- Скопје

Сакам да Ве известам дека досега сме се изјасниле тројца членови. Откако ќе се изјасни и четвртиот член, ќе ви биде доставен Извештајот за работата на денешната 103 седница.

поздрав
Дора

**Јасминка Николиќ Новаковиќ**

Почитувана претседателке, почитувани колеги,

не можам да го отворам Записникот и не можам да го коментирам, но се приклонувам на мислењето на мнозинството.

По однос на Нацрт-годишната програмата на НУ Националниот конзерваторски центар - Скопје, мислам дека е доста амбициозна и обемна, но верувам дека тоа е резултат и на зголемениот број на апликанти.

Во недостаток на повеќе податоци за одделни проекти, укажувам на две активности за кои сумата на потребните средства. по мое мислење е претерано висока, нелогична во однос на други активности од ист вид и препорачувам истата да се провери: тоа се активностите на непосредна заштита (точка 3) на ЅИДНОТО СЛИКАРСТВО во источната АПСИДА на црквата Богородица во Злетово за што е наведена сума од 717 650,00 ден, и 980 000,00 денари за непосредна заштита на ЅИДНОТО СЛИКАРСТВО во КУЌАТА на Иџлал Сулејман во Тетово!

Предлагам, во иднина, при побарувањето на финансиски средства за работата на НКЦ - Скопје, покрај ставката за „Тековно одржување и сервисирање на опремата во Централната Хемиска Лабораторија при НУ НКЦ“, да се внесат и ставките за тековно одржување и сервисирање на компјутерската опрема и средства за лиценцирани програми и антивирусна заштита.

Нацрт-годишната програма за работа на НУ НКЦ- Скопје ја прифаќам, а на работниот колектив на Центарот му посакувам успешна реализација.

Поздрав,
Јасминка Николиќ - Новаковиќ

Според изјаснувањата, сите членови се согласија едногласно и ја донесоа следната:

**О Д Л У К А**

За усвојување на нацрт – Годишна програма за работа на установата за 2022 година на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Под точка 2 – Разно, нема изјаснувања, со што се исцрпи дневниот ред од 103 –та седница на УО при НУ НКЦ – Скопје.

Се изготви Извештај кој ви го доставувам во прилог.

Извештајот да се достави до надлежните служби како би можеле да изготват Одлука за понатамошна постапка.

Исто така овој извештај да се прати до записничарот Абедин Велија , како би можел да изготви Записник за 103 седница на УО.

Претседател на Управен одбор

Теодора Андова Фотева

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-239/2
27.05 20 21 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 35 од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03 – пречистен текст), Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, на својата 102 седница, одржана на 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

за усвојување набавка на теренски возила (џип)

1. Се донесува одлука за набавка на две теренски возила (џип), според известувањето од страна на Министерството за култура.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето.

**Претседател на Управен одбор**

Тодора Андова Фотева

**Доставено до:**
- огласна табла
- сметководство
- Министерство за култура
- директор
- реф. за општи работи
- архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-239/3
27.05 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 35 од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03 – пречистен текст), Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, на својата 102 седница, одржана на 27.05.2021 година, донесе

## О Д Л У К А

за обновување на санитерните јазли и варосување на ѕидните површини на ентериерот на НУ НКЦ - Скопје

1. Се донесува одлука за обновување на санитарните јазли и варосување на ѕидните површини на ентериерот на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето.

**Претседател на Управен одбор**

Тодора Андова Фотева

**Доставено до:**
- огласна табла
- сметководство
- Министерство за култура
- директор
- реф. за општи работи
- архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02 – 166/2
13. 04 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

**ИЗВЕШТАЈ ОД ОДРЖАНАТА**

101 – ва седница на Управниот одбор на НУ Национален конзеваторски центар –Скопје, одржана на 08.04.2021 година (четврток ) со почеток во 14 часот.
со следниот

Предлог - дневен ред

1.Разгледување и усвојување на Правилникот за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата, висината на паричната или друг вид материјална награда,намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво во Националната Установа Национален конзерваторски центар – Скопје.

2.Разгледување и усвојување на Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,како и на пријавата за унапредување,начинот на спроведување на селекцијата за унапредување,како и начинот на нивното бодување во Национална установа Национален конзерваторски центар – Скопје.

3.Разгледување и давање согласност на Решение за проекти од национален интерес во културата за 2021 година кои се содржани и во Нацрт годишната програма за работа на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје за 2021 година до Министерство за култура под бр.УП1 32- 398 од 31.07.2020 година.

4. Разно ( со предлог за разгледување на Одлука за надомест на ангажман на други лица и т.н.). Овој документ го добив накнадно и ви го препратив.

Врз основа на ова, беа контактирани сите членови на УО и до овој момент, (17.30 ч) свое мислење,забелешки и ставови доставија, Луле Агаи, Јасминка Николиќ – Новаковиќ и Дора Андова Фотева.
За жал, сеуште немам одговор од Мери Цветковска.
Но доколку добијам одговор од Мери, ќе ви го пратам дополнително.

Состанокот заврши во 17.30 час.

Во целост Ви ги доставувам писмените дописи од сите членови.

**Јасминка Николиќ - Новаковиќ**

МИСЛЕЊЕ ПО ОДНОС НА ТОЧКИТЕ ОД ДНЕВНИОТ РЕД НА 101-та СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

Со оглед на специфични услови за работа на УО на НУ НКЦ - Скопје поради пандемијата на Ковид 19, своето мислење за материјалите доставени на разгледување и одобрување го давам во писмена форма, макар што сметам дека е многу подобро, поисправно и поефикасно доколку постои можност за размена на дополнителни информации со предлагачот, размена на мислења и усогласување меѓу членовите на УО и сл.

За да се овозможи виртуелен состанок во реално време, предлагам да го задолжиме директорот на НУ НКЦ - Скопје, да обезбеди таква платформа (ZOOM или слична) со што ќе можат непречено да се одвиваат сите состаноци, како на УО, така и на стручниот совет, разни комисии, тимови и др.

*1.Разгледување и усвојување на Правилникот за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата, висината на паричната или друг вид материјална награда,намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво во Националната Установа Национален конзерваторски центар – Скопје*

Сосема сум согласна со потребата од донесување и практикување на правилник со кој ќе се определат критериуми за оценка на работата на сите вработени во институцијата, како и соодветна награда/казна. Меѓутоа, Правилникот што е предложен не соодветствува ниту со организацијата ниту со природата на работата што се врши во Центарот.

Имено, занемарлив е бројот на работните задачи што се изведуваат индивидуално и се лесно мерливи. Најголемиот дел од задачите се реализира како тимска работа, така што неажурноста или неефикасноста на еден член од тимот влијае на (не)успехот на целиот тим. Прашањето на ефикасноста и квалитетот зависи и од условите и расположивите средства за работа - на пример: недостаток на теренски возила, недостаток на некои стручни профили, застарена опрема, административни процедури... Обемот на работа (и на поединецот) зависи од годишната програма и средствата одобрени од Министерството за култура, а потоа и од распоредувањето на рабатните задачи во рамките на институцијата. Квалитетот и стручноста на (тимски) извршената задача се оценува од страна на стручни комисии во рамките на процесот на реализација на задачата.

Да заклучам: предложениот Правилник не соодветствува со видот на работата на НКЦ, ниту соодветствува со организацијата на работата поради што начинот на оценувањето и дел од критериумите не обезбедуваат објективност и не се целосно применливи. **ПРЕДЛАГАМ УСВОЈУВАЊЕТО НА ОВОЈ ПРАВИЛНИК ДА СЕ ОДЛОЖИ И ДА СЕ ФОРМИРА РАБОТНА ГРУПА КОЈА ШТО ЌЕ ГО ПРЕРАБОТИ ОВОЈ, ИЛИ ЌЕ ИЗГОТВИ НОВ ПРАВИЛНИК.**

*2.Разгледување и усвојување на Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,како и на пријавата за унапредување,начинот на спроведување на селекцијата за унапредување,како и начинот на нивното бодување во Национална установа Национален конзерваторски центар – Скопје*

Морам да признам дека тука ништо не ми е јасно. Колку што знам, во актот за организација и систематизација на работните места во НУ НКЦ - Скопје нема степенувања во рамките на едно работно место, така што нема можност за унапредување. Кога вработениот ќе се стекне со повисоко стручно звање, се стекнува со право на ДРУГО работно место. Во секој случај, проблемот со поставување на работно место со повисоко звање ни е добро познат и зависи и од одобрувањето на финансиски средства од страна на министерствата за финансии и култура. **МОЈ ПРЕДЛОГ Е РАЗГЛЕДУВАЊЕТО И УСВОЈУВАЊЕТО НА ОВОЈ ПРАВИЛНИК ДА ГО ОДЛОЖИМЕ ДО СОЗДАВАЊЕ НА ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИЈА И КОНСУЛТАЦИЈА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ОД ИСТ ВИД.**

*3.Разгледување и давање согласност на Решение за проекти од национален интерес во културата за 2021 година кои се содржани и во Нацрт годишната програма за работа на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје за 2021 година до Министерство за култура под бр.УП1 32- 398 од 31.07.2020 година*

**ДАВАМ СОГЛАСНОСТ НА ОВА РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТИТЕ ЗА РАБОТА НА НУ НКЦ - СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА СО ГЕНЕРАЛНА ЗАБЕЛЕШКА ДЕКА СЕ ПОВТОРУВА ПРАКТИКАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ДА ОДОБРУВА ДРАСТИЧНО НАМАЛЕНИ СУМИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ**, поради што треба да се нагласи дека наведените проекти (и Програмата во целост) ќе се реализираат во фази и до степен кој го дозволуваат одобрените средства, а не според обемот и степенот на реализација дадени во апликациите.

**ДРУГИ ЗАБЕЛЕШКИ:**

- искрено се надевам дека одбивањето на финансирањето на непосредната заштита на црквата Св.Ѓорѓи во Старо Нагоричане (втора фаза) е некаков лапсус на Министерството и како такво ќе го игнорирам, во спротивно е невиден скандал;
- импресивна сума од 500 000 денари за изработка на Проект за конзервација на живопис во црквата Св.Богородица во Лешок!? - Веројатно се работи за непосредна заштита, но ако е така има ли проект? Да ли проектот е усвоен?;
- од каде изработка на 56 заштитно - конзерваторски основи и тоа за 500 000 денари (9 000 по едно ЗКО), при тоа не се знае ниту за кои општини се работи. Комплетно нејасно, непрецизно и непрофесионално од предлагачот.

Со почит,
Јасминка Николиќ – Новаковиќ

08.04.2021
Скопје

**МИСЛЕЊЕ ОД ЛУЛЕ АГАИ**

Јас ги разгледав материјалите од денешната седница и имам две забелешки, првата се однесува на недоставување на Записникот од претходната седница, втората(технички пропуст) се однесува на Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, во која наместо Национален Конзерваторски Центар-Скопје, стои името на Националната галерија на Република Северна Маедонија.

Што се однесува до Решението за усвоени проекти од национален интерес во културата за 2021 година кои се содржани и во Нацрт годишната програма за работа на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје за 2021 година, според наведеното образложение одбивањето на неколкуте проекти, е од оправдани причини. Сметам дека тука последен збор треба да има директорот заедно со носителите на проектите чии проекти се одбиени, дали се задоволни од оваа одлука, или ќе се поднесе жалба по истата. Доколку директорот дава одобрување по истата, ќе давам согласност по оваа, како и по сите други точки од дневниот ред.

Поздрав,
Lule Agai

**МИСЛЕЊЕ ОД ДОРА АНДОВА ФОТЕВА**

Како прва моја забелешка е тоа што во Поканата нема Записник за разгледување и усвојување од 100-тата седница на УО при НКЦ-Скопје.
Во потполност се согласувам со мислењата на Јасминка и Луле,за точките 1 и 2, од причина што тие се дел од вработените во институцијата и како искусни во своите професии ги знаат приликите и состојбите во институцијата.
Затоа предлагам, до предлагачот и службите кои ги изготвиле Правилниците, да се разгледаат уште еднаш и усогласат со нашите забелешки, ставови и мислења.
Согласност давам по точка 3 како и точка 4.
Врз основа на сето ова наше изјаснување, замолувам да се земат во предвид сите забелешки и да се донесе заеднички став,во одреден период, како би можеле да постапуваме понатаму со конечно донесување на Одлуките и Правилниците.

**МИСЛЕЊЕ ОД МЕРИ ЦВЕТКОВСКА**

Почитувани,
Откако ги прочитав забелешките кои веќе се доставени, во потполност се сложувам со истите.
Фактот што во Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, во која наместо Национален Конзерваторски

Центар-Скопје, стои името на Националната галерија на Република Северна Маедонија покажува дека не само овој, туку и другиот правилник се превземени од несоодветни институции и се неприменливи за оваа институција. Пред да ги прочитам забелешките на колешките кои подобро ја познаваат спецификата на работата во НКЦ, мислев дека се во ред, но сега го менувам мислењето и се согласувам со Претседателката истите да се вратат на доработка.

**Се задолжува лицето кое ги води записниците да изготви Записник од оваа 101 седница, но и од претходната 100-та, врз основа на мојот допис кој е пратен до сите релевантни служби.**

Со почит
Дора Андова Фотева

08.04.2021, Скопје

Врз основа на член35 став 1 точка 19 0д Законот за култура ("Сл.весник на РМ"бр.66/03 – пречистен текст ),Управниот одбор на Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје ,на својата 101 –та седнца ,одржана на 08.04.2021година донесе

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален Конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-166/6
13 04 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

# О Д Л У К А

За усвојување на Решение за проекти од национален интерес во културата за 2021 година кои се содржани во Нацрт - годишната програма за работата на Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопјеза 2021 година

1.Се усвојува Решението за проекти од национален интерес во културата за 2021 година кои се содржани во Нацрт – годишната програма за работа на Национална та установа Национален конзерваторски центар – Скопје за 2021 година доставена до Министерството за култура под бр.УП1 32-398 од 31.07.2020 година.

2.Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Управен одбор,

Теодорка Андова Фотева

Доставено до:

-огласна табла

-Министерство за култура

-сметководство

- директор

-архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-166/5
13.04. 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 35 став 1 точка 10 од Законот за култура (,,Службен весник на РМ " бр.66/03 –пречистен текст ),Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје ,на својата 101 – та седница ,одржана на 08.04.2021 година донесе

# О Д Л У К А

За усвојување на Правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата , висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда,намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво во Национална Установа Национален конзерваторски центар – Скопје

1.Се усвојува Правилникот за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата ,висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда ,намалување на плата или аспоредување на работно место на пониско ниво во Национална установа национален конзерваторски центар – Скопје.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето.

Претседател на Управен одбор,

Тодорка Андова Фотева

Доставено до:

-огласна табла

-Министерство за култура,

-сметководство,

-директор

-архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-166/4
13.04 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 35 став 1 точка 10 од законот за култура (“Сл.весник на РМ “ бр.66/03 – пречистен текст ),Управниот одбор на Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје ,на својата 101 –та седница ,одржана на 08.04.2021 година донесе

# О Д Л У К А

За усвојување на на Правилник за формата и содржината на интерниот оглас ,како и на пријавата за унапредување,начинот на спроведување на селекцијата за унапредување ,како и начинот на нивното бодување во Националната установа национален конзерваторски центар – Скопје

1. Се усвојува Правилникот за формата и сдржината на интерниот оглас,како и на пријавата за унапредување,начинот на спроведување на селекцијата за унапредување ,како и начинот на нивното бодување во ннационалната установа Национален конзерваторски центар – Скопје.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Управен одбор,

Тодорка Андова Фотева

Доставено до:

- Огласна табла
- Министерство за култура
- Сметководство
- Директор
- Архива

Врз основа на член 36 од Законот за култура и член 21 од Статутот на национална установа национален конзерваторски центар – Скопје,Управниот одбор на својата 101 – та седница ја донесува

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-166/3
13.04.2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

О Д Л У К А

За определување на начинот на пресметка на надоместокот ,кој ќе го наплаќа НУ Национален конзерваторски центар – Скопје за ангажирање на сручните лица и други лица – соработници,вработени во НУ Национален конзерваторски центар- Скопје ,за вонпрограмски активности ,по поднесени барања и инцијативи од други правни и физички лица или во соработка со други институции.

Член 1

Пресметката за определување на висина на надоместокот,кој ќе го наплаќа НУ Национален конзерваторски ценар – Скопје ,ќе се определува според дневниците за ангажирање на стручните лица и други лица – соработници ,вработени во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје ,за вонпрограмски активности – изработка на проекти ,елаборати ЗКО,конзерваторски и археолошки исражувања,конзервација и слично,по поднесени барања или иницијативи од други правни или физички лица или во соработка со други институции.

Висината на дневниците за ангажираните лица од предходниот став,ќе изнесува:

1. Други лица – соработници ............................................................ 600,00 денари
2. Стручни лица ........................................................................... 800,00 денари
3. Стручни лица со звање или раководители..................................1.000,00 денари

Член 2

Утврдениот надоместок ,другите правни и физички лица или институции,ќе го исплаќаат на жиро – сметката на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје,а врз основа на пртходни склучени договори.

Член 3

Ова одлука влегува вво сила соденот на донесувањето и ќе се објави во огласната табла на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Претседател на Управен одбор,

Тодорка Андова Фотева

Доставено до:

- Огласна табла
- Министерство за култура
- Сметководство
- Директор
- Архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-92/2
25.02 20 21 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Почитувани

За денешниот состанок на УО при НУ НКЦ - Скопје, односно

за 100-та седница на Управниот одбор на

НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, е предложен следниот

**Предлог – дневен ред**

1. Разгледување и усвојување на пописни извештаи:

   - за основни средства, ситен инвентар и залихи на потрошен материјал во НУ НКЦ - Скопје во текот на 2020 година по забелешките на УО (проверен и дополнет).

2 Разгледување и освојување на Годишниот извештај за работата на НУ НКЦ - Скопје во 2020 година.

3 Рагледување и освојување на Завршната сметка за 2020 година на НУ НКЦ – Скопје и тоа за сметките:

- 603-18 - Буџетска;
- 787-15 - Самофинансирачка;
- Донаторски сметки: сметка - 785-18,
  сметка - 785-22,
  сметка - 785-37
  сметка - 785-41.

4. Разно.

Врз основа на истиот кој е прифатен во целост, Ви ги доставувам електронските дописи на членовите Мери Цветковска, Луле Агаи и Јасминка Николиќ – Новаковиќ.

Cvetkovska Meri Prof. D-r. <cvetkovska@gf.ukim.edu.mk>
To:Dora Andova,Jasminka Nikolic,Lule Agai
Thu, Feb 25 at 7:24 AM

**Почитувани**
немам забелешки на доставените материјали и однапред гласам за сите точки, односно одлуки, затоа што во 12 нема да имам пристап до интернет.

Поздрав,
Мери Цветковска

Lule Agai <lule.agai@gmail.com>
To:Dora Andova
Cc:Jasminka Nikolic,Cvetkovska Meri Prof. D-r.
Thu, Feb 25 at 9:45 AM

**Почитувани,**
Ќе дадам согласност за прифаќање на сите одлуки, иако сметам дека за вакви точки е потребно подетално објаснување и расправија по истите. Во интерес на ситуацијата, состаноците да се одвиваат на ваков начин без физичко присуство, ќе ги прифатам сите точки.

Поздрав.

Jasminka Nikolic <jasminkanikolic@yahoo.com>
To:Cvetkovska Meri Prof. D-r.,Lule Agai,Dora Andova
Thu, Feb 25 at 10:45 AM

**Почитувана претседателке и почитувани колеги,**

ги разгледав материјалите за денешниот состанок на УО и сметам дека Годишниот извештај ( и наративниот и финансискиот) се прегледни и даваат јасна слика за обемот, видот и степенот на извршените активности на НУ НКЦ - Скопје.
Мој впечаток е, исто така, дека во услови на пандемија, редуцирани материјални и кадровски можности, ограичувања заради протоколи и слични „отежителни околности", менаџментот и вработените во НКЦ реализираа голем дел од програмските и вонпрограмските активности, и за тоа заслужуваат признание и пофалба.

Во целост се согласувам со предложениот дневен ред и без забелешки ги прифаќам Годишниот извештај за работа на НУ НКЦ- Скопје за 2020 година и материјалот за извршениот попис.

Поздрав и убав ден,
Јасминка Николиќ – Новаковиќ

**Се разбира вклучително и моите дописи, како и моето мислење / изјаснување.**

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:cvetkovska@gf.ukim.edu.mk,Cvetkovska Meri Prof. D-r.,Jasminka Nikolic,Lule Agai
Thu, Feb 25 at 8:52 AM

**Почитувана Мери**

Благодарам на дописот и соработката.

Имај убав ден.

Поздрав
Дора

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:lule.agai@gmail.com,Lule Agai
Cc:Jasminka Nikolic,Cvetkovska Meri Prof. D-r.
Thu, Feb 25 at 11:16 AM

**Почитувана Агаи**

Во ред е твојата забелешка. Сметам дека е прифатлива, но засега ќе мораме да се стрпиме и состаноците да ги реализираме на овој начин, во интерес на нашето здравје и на сите други.
Ти благодарам за соработката.

Имај убав ден

Поздрав
Дора

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:jasminkanikolic@yahoo.com,Jasminka Nikolic,Cvetkovska Meri Prof. D-r.,Lule Agai
Thu, Feb 25 at 11:29 AM

**Почитувана Јасминка**

Ви благодарам за дописот и соработката. Сосем имате право за сите успешно завршените активности во услови на пандемијата. Се согласувам со вашето мислење дека треба да им се даде особена почит, пофалби и признанија за сите чинители во установата.
Во целост го прифаќам вашето излагање и мислење. Ќе бидат во целост нотирани во Записникот.

Имајте убав ден.

Поздрав
Дора

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:jasminkanikolic@yahoo.com,Cvetkovska Meri Prof. D-r.,Lule Agai
Thu, Feb 25 at 2:24 PM

**Драги колеги**

И јас ги прифаќам и давам согласност во целост на трите точки од дневниот ред, без забелешки на сите понудени материјали. Исто така се согласувам со мислењето на Јасминка, дека треба да им се даде особена почит, пофалби и признанија за сите чинители во установата, кои неуморно и професионално работеа и ги реализираа програмските и вонпрограмските проекти во овој период со исклучително тешки околности.

По однос на 4 –та точка под Разно, јас предлагам да донесеме Одлука за формирање на дисциплинска комисија. Ова го предлагам врз основа на неколку сознанија од моето досегашно искуство, ( немав професионална, навремена и кординативна соработка ) во врска со целата координација од закажување и присуство на состаноците, водење на Записници, правни совети и сл.

Затоа Ве молам, ако се сеќавате, на секој состанок го потенцирав ова и јавно ја искажував потребата за назначување на сериозен и професионален вработен, кој ќе биде ангажиран совесно и навремено да си ја врши обврската.

Наше е да ја донесеме Одлуката за формирање на дисциплинска комисија, а за нејзино имплементирање и спроведување, ќе се постапува според надлежностите по законската регулатива.

Затоа Ве молам да се изјасните дали го прифаќате мојот предлог.

Поздрав
Дора

Почитувани

Со ова го заклучувам состанокот на УО при НУ НКЦ - Скопје, односно 100-та седница на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, и ги замолувам надлежните да изготват Одлуки по сите усвоени 3 точки од Дневниот ред, во интерес на времето потребно за поднесување на документи каде има потреба.

За 4 – та точка под Разно, ќе почекаме и доколку позитивно се изјаснат останатите членови ќе ја донесеме и таа Одлука за формирање на дисциплинска комисија.

Исто така замолувам назначеното лице да ги изготви сите пропуштени досегашни Записници, вклучително и овој последниов.

Состанокот го завршуваме во 14,30 минути

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-92/5
25.02.2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 35 став 1 точка 10 од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03 – пречистен текст), Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, на својата 100 седница, одржана на 25.02.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

за усвојување на Завршната сметка за 2020 година на
НУ Национален конзерваторски центар – Скопје

1. Се усвојува Завршната сметка за 2020 година на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, и тоа за сметките: сметка 603-18 Буџет, сметка 787-15 самофинасирачка; донаторски сметки: 785-18, сметка 785-22, сметка 785-37 и сметка 785-41.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето.

**Претседател на Управен одбор**

Тодора Андова Фотева

**Доставено до:**
- огласна табла
- сметководство
- директор
- реф. за општи работи
- архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-92/4
25.02.2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 35 став 1 точка 10 од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03 – пречистен текст), Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, на својата 100 седница, одржана на 25.02.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

за усвојување на Годишниот извештај за работа на
НУ Национален конзерваторски центар – Скопје за 2020 година

1. Се усвојува Годишниот извештајот за работа на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, за 2020 година.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето.

**Претседател на Управен одбор**

Тодора Андова Фотева

**Доставено до:**
- огласна табла
- сметководство
- Министерство за култура
- директор
- реф. за општи работи
- архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-92/3
25.02. 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 35 став 1 точка 10 од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03 – пречистен текст), Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, на својата 100 седница, одржана на 25.02.2021 година, донесе

# О Д Л У К А

за усвојување на Извештај за попис на основни средства,
ситен инвентар и залихи на потрошен материјал, во деловната 2020 година
(постапено по забелешките на Управен одбор – проверен и дополнет)

1. Се усвојува Извештајот за попис на основни средства, ситен инвентар и залихи на потрошен материјал (по забелешките на Управен одбор – проверен и дополнет) во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, за 2020 година.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето.

**Претседател на Управен одбор**

Тодора Андова Фотева

Доставено до:
- огласна табла
- реф. за општи работи
- сметководство
- директор
- архива

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 02-430/2
10. 11 2021 год.-viti-year
SKOPJE

# ИЗВЕШТАЈ

За одржаната 105-та седница на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Седницата се закажа и оддржа на 10.11.2021 година (среда), во 14 ч. со следниот

Предлог – дневен ред

1. Разгледување и усвојување на Правилник за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

2. Разно.

На состанокот учествуваа: Теодора Андова Фотева, претседател, Проф д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, член, Јасминка Николиќ Новаковиќ, член, и д-р Јехона Спахиу Јанчевска, член.

**Почитувани**

Со дописите кои се подолу во прилог, ја закажав и воедно ја одржавме 105–тата седница на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:vesnasmilkovska@gmail.com,jehspa@gmail.com,Jasminka Nikolic,jhadzieva@yahoo.com
Tue, Nov 9 at 2:19 PM

Почитувани членови на УО при НУ НКЦ

Врз основа на добиениот материјал, Правилник за користење и одржување на возилата во установата, Ве известувам дека и овој пат седницата на УО ќе ја одржиме по електронски пат . Затоа ја закажувам 104 тата седница на ден 10 Ноември 2021 во 14 час.
Почитувани членови на УО, Ве молам разгледајте го доставениот материјал и доколку имате забелешки доставете ги во писмена форма во терминот на закажаната седница. Но доколку немате тогаш ја очекувам вашата согласност за донесување на истиот.

Со желба за успешна соработка, Ви благодарам за разбирањето што и оваа седница нема да се одржи со физичко присуство.
Имајте убав ден

Поздрав
Дора

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:Jasminka Nikolic,Jasmina Aleksievska,Jehona Spahiu
Wed, Nov 10 at 2:23 PM

Почитувани колеги, членови на УО при НУ НКЦ - Скопје

Да ве потсетам дека во моментов е отворена 15 -тата Седница , за која верувам дека уредно го добивте материјалот од точка 1 во Поканата.
Затоа Ве молам во текот на овој состанок да се изјасните за Правилникот ......., се разбира доколку имате забелешки истите ќе се нотираат во Извештајот кој ќе биде изготвен по завршувањето на седницата.
Се надевам на успешна соработка.

Поздрав
Дора

Dora Andova <dora_andova@yahoo.com>
To:Jasminka Nikolic,Jasmina Aleksievska,Jehona Spahiu
Wed, Nov 10 at 2:28 PM

Почитувани

До сега само колешката Јехона Спахиу ги прати своите забелешки кои Ви гипраќам во прилог

**Почитувани**

По првата точка од дневниот ред, сите членови се изјаснија во писмена форма, кои поединечно ги доставувам во прилог.

**Јехона Спахиу Јанчевска**

Jehona Spahiu <jehspa@gmail.com>

To:Dora Andova
Cc:Vesna Smilkovska,Jasminka Nikolic,jasmina aleksievska
Wed, Nov 10 at 10:09 AM
Почитувана претседателке и членови на УО на НУ НКЦ - Скопје,

Го разгледав доставениот материјал за 105 седница на УО. Имам некои корекции во *Правилникот за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје*, коишто ги забележав и ги наведов во самиот документ и кој ви го испраќам во прилог. Станува збор за технички и правописни грешки, односно корекции, кои сепак се значајни.

Ќе го прифатам наведениот Правилник, меѓутоа задолжително треба да се извршат корекциите.

Со почит,
Јехона

**Јасминка Николиќ  Новаковиќ**

Jasminka Nikolic <jasminkanikolic@yahoo.com>
To:Jasmina Aleksievska,Jehona Spahiu,Dora Andova
Wed, Nov 10 at 3:54 PM

Почитувана претседателке,

јас се согласувам и го прифаќам Правилникот. Воедно се извинувам за задоцнетото изјаснување.

Со почит, Јасминка Николиќ – Новајковиќ

**Јасмина Хаџиева Алексиевска**

jasmina aleksievska <jhadzieva@yahoo.com>
To:Dora andova Andova
Wed, Nov 10 at 5:02
Pocituvana Andova,

Se izvinuvam za pogresno  adresiraniot odgovor na vaseto baranje za mislenje po odnos na predlozeniot Pravilnik.Jas vsusnost vcera dobiv poraka od dve mail adresi,pa utrovo rano odgovoriv na adresata na Vesna ...

Eve uste ednas  da se izjasnam: smetam deka vo predlozeniot materijal se opfateni site potrebni komponenti i nemam nikakvi zabeleski.Spored toa go imate mojot glas za ponatamosna procedura.

Toplo ve pozdravuvam

prof.J.hadzieva Aleksievska

**Теодора Андова Фотева**

Почитувани колеги, членови на УО при НУ НКЦ-Скопје

Го разгледав доставениот материјал по првата точка од дневниот ред.
Се сложувам со забелешките на Јехона Спахиу Јанчевска, кои воглавно се од технички карактер.
Немам никакви забелешки, со што се изјаснувам за усвојување на истиот и донесување на Одлука за Правилник за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

**Почитувани членови на УО,**

Сакам да Ве известам дека на оваа 105 Седница , по материјалот од дневниот ред, навремено, по писмен пат, се изјаснивме сите членови.
Од сето ова произлезе едногласно донесување на Одлука за Правилник за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Според изјаснувањата, сите членови се согласија едногласно и ја донесоа следната:

**О Д Л У К А**

За усвојување на  Правилник за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Се надевам дека службите во установата ќе постапат согласно забелешките  на **Јехона Спахиу Јанчевска**, кои се нотирани во доставениот мејл.
Истовремено сметам дека од сето ова нотирано во овој Извештај, службите ќе изготват, Одлука за усвојување на  Правилник за начинот

на користење, одржување, чување и евидентирање на службени возила во НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

Под точка 2 , Разно, од  дневниот ред нема никакви забелешки.

Во прилог Ви го доставувам Извештајот.

Извештајот да се достави до надлежните служби како би можеле да изготват Одлука за понатамошна постапка.

Исто така овој Извештај да се достави до записничарот Абедин Велија , како би можел да изготви Записник за одржаната105-та седница на УО.

Претседател на Управен одбор

Теодора Андова Фотева